Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ,
ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ“
ул. „16 Македонска бригада“ бр. 1, 1000 Скопје
деканат: 071 356 241 www.sf.ukim.edu.mk

**Бр.02-51/5**
**18.2.2022 година**

Врз основа Правилникот за начинот на реализација на дејностите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и единиците во неговиот состав согласно со мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на коронавирусот CoVid-19 (Универзитетски гласник бр. 489 од 25 март 2020 година) и Одлуката на Наставно научниот совет на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ за начинот на реализација на дејностите на факултетот согласно со мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на ширење на болеста CoVid-19 (Универзитетски гласник бр. 490 од 1-ви април 2020 година), Наставно-научниот совет на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ на својата 2-ра (втора) седница одржана на ден 18.2.2022 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

## за исполнетост на условите за реализација на теренската настава во летниот семестар од академската 2021/2022 година на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“

### Предмет на уредување
### Член 1

Со оваа Одлука се уредува исполнетоста на условите за реализација на теренската настава по предметите во летниот семестар од академската 2021/2022 година согласно Одлуката на Наставно научниот совет за начинот на реализација на дејностите на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ согласно со мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на ширење на болеста CoVid-19 (Универзитетски гласник бр. 490 од 1-ви април 2020 година) .

### Исполнетост на условите за реализирање на теренска настава
### Член 2

Согласно член 2 став 5 од Одлуката на Наставно научниот совет на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ за начинот на реализација на дејностите на ХЕФ, заклучно со 18.2.2022 година не се создадени услови за реализирање на теренската настава во летниот семестар од академската 2021/2022 година.

Во летниот семестар од академската 2021/2022 година, теренската настава нема да се изведува, а за студентите кои во овој семестар запишале предмети за кои е предвидена теренска настава, ќе се смета дека е изведена.

### Член 3

Доколку во текот на семестарот дојде до големи позитивни промени во однос на мерките за спречување на ширење на болеста CoVid-19, односно доколку се создадат услови за безбедно, ефикасно и продуктивно изведување на теренска настава, управата на факултетот ќе ги преземе неопходните административни, логистички и технички мерки за организирање и изведување на теренска настава во преостанатиот период во летниот семестар.

### Влегување во сила
### Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**декан**

**проф. д-р Кирил Сотировски**